# ЗАПИСНИК

## од Трета форумска сесија на буџетски форум во Општина Битола

**Датум:** 28.11.2022**, Место:** Хотел Капри, Битола **Час:** 11:00-13:30
Присутни граѓани: Вкупно: 46
**Мажи: 27 Жени: 19**
**Модератор:** Рубин Николоски, **Ко-модератори:** Катерина Ѓорѓиевска, Зоран Здравески;

**Програма на сесијата** (точки, според дневниот ред на дадената сесија)**:**

Добредојде, дневен ред и цели на Третата форумска сесија;

Усвојување на Записник од Втората форумска сесија;

Презентација – Буџетски Програми на Општина Битола за 2023;

Расходи по програмите предложени на Прва форумска сесија - презентација и дискусија;

Презентација на сработеното на работната група, дискусија и усвојување на предлози;

Презентирање на повратни информации во врска со релевантноста на граѓанските предлози од претходната сесија;

Дискусија во врска со:
- Дополнување на општински предлози
- Предлози од граѓаните
- Реструктурирање (редукција во интерес на други зголемувања)

Носење на формални одлуки;

Давање на формални препораки, согласени во форумот;

Утврдување на следни чекори, инструкции за работната група, информација за термин за Четврта форумска сесија и оценка на форумската сесија.

**Тек и содржина на сесијата**
*Клучни презентации, говори, дискусии и предлози од граѓаните (по точки од дневниот ред)*

Третата форумска сесија се реализираше според претходно утврдената агенда. Истата ја отвори форумскиот модератор кој ги поздрави присутните и накратко ја објасни целта на сесијата. Пред Форумот да продолжи со работа, присутните учесници едногласно го усвоија Записникот од Втората форумска сесија.

Во продолжение на сесијата од страна на претставниците на оперативната група - вработени во Општина Битола, беа презентирани проектираните приходи и расходи на Буџетот на Општина Битола за 2023 година како и расходите за 2023 година по програмите кои форумските учесници ги утврдија како приоритетни на Првата форумска сесија, односно:

- Програма за социјална заштита со вкупно 8.000.000,00 денари;
- Програма за урбанистичко планирање со вкупно 17.000.000,00 денари ;
- Програма за развојни планови со вкупно 306.000.000,00 денари;
- Програма за уредување на градежно земјиште со вкупно 100.000.000,00 денари ;
- Програма за локален економски развој со вкупно 40.000.000,00 денари;
- Програма за активности во областа на спортот и младите со вкупно 40.000.000,00 денари;
- Програма за заштита на животната средина и природа со вкупно 15.000.000,00 денари;
- Програма за култура со вкупно 14.000.000,00 денари.

**Вкупно за сите програми 540.000.000,00 денари.**

Во следниот дел од сесијата, од страна на форумскиот модератор беше извршена презентација на сработеното на работната група помеѓу сесии, беа презентирани проектни предлози на општината и беа презентирани повратните информации во врска со релевантноста на граѓанските предлози од Втората сесија и работата помеѓу сесии. Во овој дел на сесијата, форумскиот модератор ги информираше присутните учесници дека поради големиот број на предложени проекти (+150), работната група во периодот помеѓу сесии изврши реструктурирање/редукција на идентификуваните проекти од претходните форумски сесии и периодот помеѓу Втора и Трета форумска сесија. Форумскиот модератор во името на работната група го информираше Форумот дека критериумите за реструктурирање/редукција на проектите вклучуваа: финансиска конструкција, усогласеност на проектот со развојните планови на Општината, релевантност на проектот, зрелост (подготвеност за реализација), предвидливо завршување со мерливи, практични и видливи резултати, постоење на значајно и широко општествено влијание или релевантност на проектот за некој важен проблем на некоја маргинализирана група, одржливост, придонес кон процесот на децентрализација и отчетното финансиско раководење на општинската администрација и промовирање на етничка и родова сензитивност.

Согласно барањата на граѓаните на претходната сесија како и во текот на работата меѓу сесии, модераторот ги презентираше следните информации за дел од проектните предлози пред присутните на сесијата:

**Уредување на локална патна мрежа во населба Раштани -** има одобрение за реконструкција со соодветна проектна документација;

**Уредување на локална патна мрежа во село Бистрица -** предвидено е да се започне постапка за изработка на урбанистички проект за село (УПС);

**Инсталација на фотоволтаици на објекти во сопственост на општината -** има јавна набавка за поставување на 5 локации;

**Изградба на водовод и атмосферска канализација на водовод на улица Драгорска -** во постапка е за добивање на одобрение за реконструкција;

**Асфалтирање на пат Горно Оризари-Крклино -** во постапка за изработка на проектна документација;

**Изградба на пречистителна станица за Општина Битола -** објавен тендер за изградба;

**Асфалтирање или поставување на бекатон плочки на ул. 14 -** во тек е јавна набавка за

реконструкција;

**Реконструкција на улица Христо Ботев: канализација, водовод, асфалт, осветлување, тротоари, пренамена од двосмерна во едносмерна -** во тек е подготовка на проектна документација;

**Реконструкција на улица Стив Наумов од Премиер Центар до ОУ Стив Наумов-канализација, водовод, асфалт, осветлување, тротоари и поставување на соодветни знаци или лежечки полицајци -** подготвена е целосна документација, старо градско јадро, одобрение за реконструкција од Министерство за транспорт и врски;

**Поправка на крлешки во м.з Јонче Мурџевски –** предвидена е замена со нови;

**Санација на улица Караорман, од улица Јајце па се до ободниот канал -** изработена е проектна документација за реконструкција на водовод и канализација. Во 2023 се планира да се изработи проектна документација за реконструкција на коловоз.

Потоа следуваше дискусија во врска со работата на работната група помеѓу сесии, реструктурирањето/редуцкцијата на проектите и можното дополнување на општинските предлози и предлозите на граѓаните.

По завршувањето на дискусијатата, Форумот се согласи на Четвртата форумска сесија да се приоретизираат следните проекти кои вклучуваат предлози и од општината и од учесниците на форумските сесии:

1. Доредување со плочки на сокак на улица Цар Самоил бр 166,
2. Санација на улица Караорман,
3. Санирање на семафор на раскрсница помеѓу улици Климент Охридски и Солунска,
4. Асфалтирање на улица Индустриска од влезот во населба Боримечка преку преминот до мостот на Курделес,
5. Реконструкција на Булевар 1 Мај од лева страна по течение на Драгор (од Сали мост),
6. Сокак со бекатон на ул. Вера Циривири Трена,
7. Изградба на пречистителна станица за Општина Битола,
8. Изработка и ставање во функција на софтвер за електронско плаќање на даноци и комунални такси во Општина Битола,
9. Реконструкција на улица Христо Ботев: канализација, водовод, асфалт, осветлување, тротоари, пренамена од двосмерна во едносмерна,
10. Реконструкција на улица Стив Наумов од Премиер Центар до ОУ Стив Наумов-канализација, водовод, асфалт, осветлување, тротоари и поставување на соодветни знаци или лежечки полицајци,
11. Решавање на проблемот со уличните кучиња;
12. Намалување на тарифите за поставување на урбана опрема поради постоечката криза,
13. Зголемување на средствата на образовните институции во градот за греење и електрична енергија,
14. Решавање на проблемот со дивите гаражи на територијата на Општина Битола,
15. Субвенционирање на нови енергетски ефикасни фасади на станбените згради во Општина Битола
16. Уредување на локална патна мрежа во село Карамани,
17. Изградба на водовод и атмосферска канализација на водовод на улица Драгорска,
18. Регулирање на урбана опрема на улица Широк Сокак – плоштад Магнолија (зголемување на

простор за пешаци;
19. Ангажирање на лица од ранливи категории за јавни работи;
20. Обезбедување на финансиски средства за жртви на семејно насилство;
21. Обезбедување на финансиски средства на лица со посебни потреби за изградба на пристапни рампи во нивните домови;
22. Поддршка на Национален Парк Пелистер – влезници во Паркот за жителите на Општина Битола;
23. Поддршка на ИФФК Браќа Манаки;
24. Поддршка на Интерфест;
25. Поддршка на Општински Училишен Сојуз;
26. Поддршка на трите професионални клубови во Општинта (ракомет, фудбал, кошарка).

Форумот заврши со евалуација на сесијата и дефинирање на предлог датуми за одржување на Четвртата форумска сесија.

***Заклучоци и препораки***

**Како препораки до Градоначалникот и Советот на Општина Битола да се дадат:**

- Ставање во функција на Комисија за права на пациентите во рамките на Советот на Општина Битола;
- Зголемување на ефикасноста при реализацијата на урбанистичките планови во општината (со осбен акцент на ДУП за Касарна и Стар Прогрес );
- Зголемување на јавната чистота;
- Подобрување на инфраструктурната состојба во Старата Битолска Чаршија во рамките на мандатот на општината,
- Борба против дивата сеча во околината на Битола: координирани активности со сите надлежни служби и структури на територијата на општината од сите нивоа на власт: Гранична Полиција, Национален Парк Пелистер, Шумска Полиција,
- Изградба на нови парковски содржини;
- Подобрување на енергетска ефикасност на јавните објекти во општината;
- Зголемување на интензитетот на реконструкција на локалната патна инфраструктура;
- Иницирање на постапка за поставување на семафор на раскрсницата кај хотел Епинал (активност која е во надлежност на МВР и Биро за Јавна Безбедност);
- Поддршка и помош на семејства кои се во процес на инвитро оплодување,
- Изградба на катна гаража кај Мултитекс кај гаражите наспроти селска автобуска,
- Изградба на подземен паркинг во близина на градски пазар,
- Изградба на Старски Дом,
- Изградба на фотоволтаична централа во сопственост на Општината
- Реализација на ДУП-ови според хронологија на поднесените иницијативи и приливи на средства
- Затворање на фабрика за масло од канабис во село Кравари.

**Резултати од евалуација на форумската сесија:**

Присутните граѓани на Третата форумска сесија, согласно правилата на форумскиот процес извршија евалуација на истата користејќи однапред зададени формулари. По анализата на собраните формулари од страна на оперативната група констатирано е дека сите присутни кои пополниле евалуациски формулар ја сметаат реализираната форумска сесија за корисна. Понатаму, присутните граѓани сметаат дека Третата форумска сесија постигна позитивни резултати и ги оствари нивните очекувања во целост. Од аспект на квалитет, организација и спроведување, форумската сесија доби средна оценка 4,1 на скала од 1 до 5, каде 5 е најдобра оценка.

**Прилози:**

- ☐ Покана и дневен ред, Листа на учесници – општ список,
- ☐ Листа на учесници по работни маси,
- ☐ Фотографии,
- ☐ Изјави за медиуми (линкови, објави и сл.)

Форумски Модератор
Рубин Николоски

Р. Николоски

__________________